КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Јануари 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Новата 2023 година започна со значителен раст на светските пазари на капитал кои се опоравуваат од падот и нестабилноста кои ја обележаа претходната година, но се уште постојат најразлични предвидувања во поглед на нивната насока на движење во натамошниот период. Главни двигатели претставуваат стапката на инфлација и монетарните политики на централните банки од една страна, и очекувањата за степенот на забавување на економски раст од друга.

Светските индекси имаа приближни стапки на раст. Глобалниот индекс MSCI ACWI го заврши јануари со раст од 7,10%, додека гледано по региони најголем раст бележи MSCI Emerging Market кои ги опфаќа земјите во развој и брзорастечките економии, а веднаш по него е MSCI Asia - Pacific индексот со 7,84%.

Најмал раст во текот на месецот имаа американските акции измерени преку S&P 500 индекот со стапка која изнесуваше 6,18%




**MSCI Asia - Pacific -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик

**MSCI Emerging Market -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 24 земји во развој

**STOXX 600 -** Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

**S&P 500 -** Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

**MSCI ACWI -** Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во иста насока како странските берзи беше и МБИ-10 индексот кој го продолжи растот од декември во текот на изминатиот месец, достигнувајќи раст од 3,37%. Важно за напомена е вклучувањето на Уни Банка на местото на Стопанска Банка Битола како дел од МБИ-10 од почетокот на оваа година. Токму Уни Банка оствари најголем раст на цената на акциите кој изнесува значителни 18,58%. Од друга страна, падови бележат само акциите на Гранит и Стопанска Банка Скопје, кои за месец јануари беа 2,32% и 2,67%, соодветно.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Монетарните политики на централните банки остануваат на истата позиција во борба против високата инфлација, така што приносите на десетгодишните државни обврзници се задржуваат на релативно високо ниво. Во текот на јануари најголем принос повторно има македонската обврзница кој изнесува 6,07%, додека со најмал принос од 0,50% е јапонската обврзница.




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Руската рубља (RUB) која во текот на 2022 година оствари голем раст во однос на еврото, и во првиот месец од новата година забележа раст од 3,97%, воедно најголем споредено со останатите валути наведени во графиконот кој следи. Од друга страна, со најголем пад во однос на еврото беше американскиот долар кој достигна 1,46% во текот на јануари и претставува намалување кое продолжува четврти месец во низа.



**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*